РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Министерство за внатрешни работи на Р.С. Македонија
- Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

Бр. 03-28

Скопје 09.12.2020г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Препраќање претставка за постапување по Ваша надлежност**

Почитувани,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по електронски пат беше доставена Претставка (наш бр.03-28 од 30.11.2020 година) од страна на Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО Скопје. Во истата е наведено дека компанијата „Robin Hood ИПТВ Македонија“ нуди услуги на крајни корисници поврзани со пристап до програмски сервис, спротивно на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Поради тоа што Агенцијата нема можност да ги провери наводите изнесени во претставката, односно правното лице „Robin Hood ИПТВ Македонија“ воопшто не е евидентирано во регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи што го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се отвари сомнеж дека овој субјект бесправно нуди услуги во кои се инкорпорирани авторски и сродни права што претставува кривично дело.

Имајќи ги во вид Вашите надлежности, во прилог Ви ја препраќаме претставката од подносителот и Ве молиме да ги проверите доставените наводи и да испитате дали во опишаните дејствија се содржани елементи на кривични дела.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

Директор

.......................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Прилог: (1):

-Претставка (наш бр.03-28 од 30.11.2020 година)